Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
________ 202__ год.
Потпис,

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR

Арх.бр. УП1-15 2531/2023

Дата: 12-12-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Министерството за транспорт и врски му се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена градби за производство на експлозивни производи и муниција „Фабрика Самоков”, КО Ковче, Општина Македонски Брод**.

- Површината на планскиот опфат изнесува **30,81 ха**.
- Согласно основните цели и одредби од Просторниот план: „Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.“

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y40323** се составен дел на Решението.

3. Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 225/20, 219/21 и 104/22).

4. Мал дел од планскиот опфат се наоѓа во крајбрежниот простор на планираната акумулација „Калуѓерица“ на реката Треска. При изработката на планската документација и нејзината реализација, да се обезбеди заштитен појас во крајбрежниот простор на акумулацијата, согласно Законот за води.

5. Условите за планирање на просторот со намена градби за производство на експлозивни производи и муниција „Фабрика Самоков”, КО Ковче, Општина Македонски Брод содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на планската документација потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 89/22 и 171/22) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно неспроведувањето, согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.
При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за неспроведување на стратегиска оцена за предметната документација со намена градби за производство на експлозивни производи и муниција „Фабрика Самоков", КО Ковче, Општина Македонски Брод, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Министерството за транспорт и врски, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 54143 од 21.07.2023 год., до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Услови за планирање на просторот со намена градби за производство на експлозивни производи и муниција „Фабрика Самоков", КО Ковче, Општина Македонски Брод.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот со намена градби за производство на експлозивни производи и муниција „Фабрика Самоков", КО Ковче, Општина Македонски Брод и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 2531/2023 од 27.11.2023 година.

Условите за планирање на просторот со намена градби за производство на експлозивни производи и муниција „Фабрика Самоков", КО Ковче, Општина Македонски Брод претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Република Северна Македонија · Министерство за животна средина и просторно планирање · Скопје · Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor · Shkup · Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Дејан Гацовски

Одобрил: Сoња Фурнаџиска

Согласен: Дајана Марковска Ристеска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk